Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 44 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), а во врска со Договорот за набавка на машина за бележење на хоризонтална сигнализација со арх.бр.05-4593/9 од 05.12.2023 година и Одлуката за давање на трајно користење движна ствар–машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП ,,Дервен” Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/23) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден _.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за стaвање вон сила на Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП ,,Дервен” Велес**

**Член 1**

Се става вон сила Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП ,,Дервен” Велес со арх.бр.25-5210/10 од 27.12.2023 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/23).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Од страна на Советот на Општина Велес на 45-та седница одржана на ден 27.12.2023 година донесена е Одлука за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП ,,Дервен" Велес со арх.бр.25-5210/10 од 27.12.2023 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.19/23).

Врз основа на член 3 од наведената Одлука, помеѓу Градоначалникот и ЈКП „Дервен" Велес е склучен е Договор за давање на трајно користење на движна ствар со арх.бр.08-254/1 од 12.01.2024 година.

На седницата одржана на ден 12.04.2022 година, Советот на Општина Велес донесе Решение за давање согласност на Одлуката за ставање во времено мирување наплата при користење на јавните паркиралишта од значење за Општина Велес со арх.бр.25-1980/21 од 13.04.2022 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.06/22).

Поради подготовка за започнување на постапка за повторно воспоставување на режим за наплата при користење на јавните паркиралишта од значење за Општина Велес кој е во надлежност на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи" Велес, постои неопходност од давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи" Велес како претпријатие во чија надлежност се паркинзите и зонското паркирање.

Од таа причина потребно е ставање вон сила на Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП ,,Дервен" Велес со арх.бр.25-5210/10 од 27.12.2023 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.19/23).

Со донесувањето на оваа Одлука, престануваат сите права и обврски кои произлегуваат согласно Договорот за давање на трајно користење на движна ствар со бр.08-254/1 од 12.01.2024 година и Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП ,,Дервен" Велес со бр.25-5210/10 од 27.12.2023 година(„Службен гласник на Општина Велес" бр.19/23).

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

Врз основа на член 63, од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр.32/20 и 111/23). член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.12.2023 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 11 од блок „D“, од Измена и дополнување на ДУП за Речани, зона 2, со намена А1-Домување во куќи, Општина Велес**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 11 од блок „D“, од Измена и дополнување на ДУП за Речани, зона 2, со намена А1-Домување во куќи, Општина Велес, со вкупна површина од 597 м².

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20 и 111/23), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 11 од блок „D“, од Измена и дополнување на ДУП за Речани, зона 2, со намена А1-Домување во куќи, Општина Велес, донесен со Одлука бр.071-682/1 од 10.07.2000, изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр54/22 од Септември 2023 година, ревидиран од МАРИО-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје, со тех.бр. 241/23 од Септември 2023 год.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 11 од блок „D“, од Измена и дополнување на ДУП за Речани, зона 2, со намена А1-Домување во куќи, Општина Велес,

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5210/9
27.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Бр.679**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување одлука за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП „Дервен” Велес**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП „Дервен” Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.12.2023 година.

Број 08-5228/9
28.12.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), член 44 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), а во врска со Договор за набавка на машина за бележење на хоризонтална сигнализација со арх. бр.05-4593/9 од 05.12.2023 година и член 30 и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.2/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес .

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење движна ствар – машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП „Дервен” Велес**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Велес дава на трајно користење движна ствар - машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП ,,Дервен” Велес, со следните карактеристики:

1. Машина за одбележување патишта со нанесување на собраќајна боја Lazer V 5900 :

- Машина на три тркала, две назад едно напред ротирачко.
- Мотор мин 160 см3 со рачно палење.
- Гориво бензин
- Кормилско управување со подесување во висина и длабочина
- Клипна пумпа една
- Минимален проток на боја мин.5,8 лит/мин
- Континуиран притисок на при работа 220 bar до 240 bar.
- Пиштол еден автоматски со кратко црево ( за осовински линии), еден за мануелно работење со црево мин. 15 м ( за пешачки , стрелки и сл.).
- Уред за перли со резервоар и два дозери ( пиштоли)
- Систем за намалување на вибраци при работа
- Приклучок за погон за погонско придвижување.
- Насочувач за осовинско одбележување од 60 до 80 см.
- Компјутерски уред ( софтвер ), да прикажува :

Проток на боја
Аналогно или дигиталено мерење на притисок на боја
Брзина на движење на машина
Должина на одбележана површина
Софтвер за полно испрекинатао одбележување према зададени параметри.

- Тежина на машината мах. 180 кг.
- Машината да исполнува стандарди и дерективи: ISO 9614, 2014/30/EU/ EMC Derective или еквивалентно.

2. Погонска машина содветна на машината за одбележување Line Driver 160cc:

- Погонска машина на две тркала и хидрулицен систем на придвижување
- Мотор мин 160 см3 со рачно палење.
- Гориво бензин
- Систем за намалување на вибраци при работа
- Максимална брзина на погонот 18 km/h
- Машината да се движи напред /назад, со педала на лева и десна нога.
- Седло подвижно напред/ назад , прилагодливо према оператор.
- Да поседува и ножна сопирачка.
- Светлосна сигнализација ( светло ).
- Тежина на машината мах. 120 кг.
- Машината да исполнува стандарди и дерективи: ISO 3744, 2006/42/ EC Derective или еквивалентно.

**Член 2**

Вредноста на движната ствар - машина за бележење на хоризонтална сигнализација е со вкупен износ од 2.596.000,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на движната ствар од член 1 на оваа одлука, Советот на Општина Велес го овластува Градоначалникот да склучи Договор со ЈКП ,,Дервен“ Велес.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Велес“.

Број 25-5210/10
27.12.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-16491З
29.07.2024

Јавно комунално претпријатие
ДЕРВЕН
Бр. 03-4713
30.07.2024 год.
Велес

# ДОГОВОР
## за вршење на услуга за бележење на хоризонтална сигнализација на територија на Општина Велес

Склучен на ден __.07.2024 помеѓу:

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. **Општина Велес** ул.„Панко Брашнар“ бр.1 Велес, преставувана од Градоначалникот Марко Колев од една страна како нарачател (во понатамошниот текст - **Нарачател**) и

2. **Јавно Комунално Претпријатие „Дервен“** ул.“Вардарска“ бб Велес, преставувано од Директорот Горанчо Наунчев од друга страна како извршител (во понатамошниот текст -**Извршител**)

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР**

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договрните страни во врска со бележење на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Велес, врз основа на Одлука за давање на трајно користење движна ствар-машина за бележење на хоризонтална сигнализација на ЈКП ДЕРВЕН-Велес со бр.25-52/10 од 27.12.2023 година донесена од Совет на Општина Велес и Договор за давање на трајно користење на движна ствар склучен помеѓу ЈКП ДЕРВЕН-Велес и Општина Велес со бр.08-254/1 од 12.01.2024 година.

**Член 2**

Предмет на овој Договор е извршување на услуги за бележење на хоризонтална сообраќајна сигнализација на територијата на Општина Велес од страна на ЈКП „Дервен“ Велес.

**Член 3**

Нарачателот - Општина Велес извршувањето на услугата за бележење на хоризонтална сообраќајна сигнализација на територијата на Општина Велес ја доделува на Извршителот: ЈКП Дервен Велес кој е Јавно претпријатие основано од Општина Велес.

Извршителот се обврзува да врши бележење на хоризонталната сообраќајна сигнализација на територијата на Општина Велес врз основа на Налог за работа издаден од Општина Велес и со материјал (боја, разредувач за боја и сл.) кој ќе го набавува ЈКП „Дервен“.

За набавка на материјал за бележење на хоризонтална сигнализација нарачателот има предвидено финансиски средства во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежно земјиште во 2024 година. По потпишување на договорот нарачателот ќе ги префрли финансиските средства на сметка на извршителот.

**Член 4**

Вредноста на Договорот за вршење на услуга за бележење на хоризонтална сигнализација на територија на Општина Велес изнесува 400.000,00 (четиристотини илјади) денари со пресметан ДДВ, сумата е предвидена во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на уредување на градежно земјиште во 2024 година.

**Член 5**

Договорот ќе се реализира до износот наведен во Член 4 и зависно од потребите на Нарачателот.

**Член 6**

Извршителот се обврзува да ги обезбеди услугите утврдени како предмет на овој Договор, крајно професионално, совесно и одговорно, а по цени за услуга согласно Одлуката за утврдување на висината на цените за вршење услуги према физички и правни лица донесена од Управниот одбор на ЈКП „Дервен" Велес и Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на цените за вршење услуги према физички и правни лица, донесено од Совет на Општина Велес.

Нарачателот има право да му укаже на Извршителот доколку има забелешки на извршената услуга и во случај Извршителот да не постапи по забелешките, Нарачателот има право да не изврши исплата на фактурираниот дел за кој има забелешки.

**Член 7**

Налогот за бележење на хоризонтална сообраќајна сигнализација на територијата на Општина Велес го издава вработено лице од одделението за комунални работи и сообраќај.

Плаќањето за вршењето на услугата бележење на хоризонтална сообраќајна сигнализација на територијата на Општина Велес, ќе се врши сукцесивно по доставена ф-ра за извршени услуги, а согласно законскиот рок наведен во фактурата.

**Член 8**

Нарачателот за извршувањето на услугите од страна на Извршителот, ќе овласти лице кое ќе врши надзор на бележењето на хоризонтална сообраќајна сигнализација согласно договор за вршење на градежни работи.

Вршителот на надзор до Градоначалникот на Општина Велес ќе доставува Извештај за извршените и реализирани услуги согласно планираното.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Овој договор започнува да се применува од денот на потпишување на двете договорни страни, а е со важност до 31.12. 2024 година.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 10**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат и тоа најдоцна во рок од 5 дена од денот на констатирањето на неправилностите.

**Член 11**

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

**Член 12**

Измени и дополнување на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни и единствено по писмен пат.

**Член 13**

Доколку дојде до спор помеѓу договорните страни, истите ќе се трудат тоа да се реши во духот на взаемна согласност, а во спротивно ќе биде належен Основниот суд во Велес.

**Член 14**

Овој Договор е склучен во 4(четири) еднообразни примероци од кои по 2(два) за секоја договорна страна.

За Извршителот / Горанчо Наунчев /

За Нарачателот / Марко Колев /